

**ПОКЛОНЕНИЕ ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО РИМ ВО 1994 ГОДИНА**

***Светите рамноапостоли Кирил и Методиј Солунски , какоистински столбови на христијанската култура во Европа,***
***собено го задолжија македонскиот, но и сите словенски***
***н***
***ароди, чии историски патишта значајно беа одбележани од***
***дел светите браќа. Секогаш кога станува збор за нив, мора да се***
***нагласи дека нивниот суштински придонес треба да го гледаме најмалку***

***во два подеднакво важни контекста.***

Од една страна, создавањето на писмото и раѓањето на првите преводи на библиски и богослужбени текстови на разбирлив словенски јазик, што денес претставува фундамент на целата словенска култура, писменост и образование. Од друга страна, автентичниот подвижнички и спасоносен живот во Бога на светите Кирил и Методиј и нивните најблиски ученици, нешто на кое науката не обрнува доволно внимание, а кое, сепак , низ вековите го одредува карактеристичниот образец на македонскиот светител.

Имајќи предвид дека за византолозите и археолозите гробот на свети Методиј се уште претставува своевидна загатка , во последните децении на дваесеттиот век гробот на свети Кирил во базиликата на свети Климент Римски во Рим разбирливо предизвикува постојан интерес и во пошироките кругови на современото македонско општество и помеѓу архијереите, свештенослужителите и верните чеда на Македонската православна црква.

Секоја година на 24 мај, државно-црковна делегација од Македонија патува на поклонение на гробот на свети Кирил , каде што на достоен начин се чествува споменот на светителот и неговото дело.

Така, и во последниве десетина години овие чествувања веќе традиционално се продолжуваат . Еве и прилика да се запознаеме како проследија и тие средби во последнава деценија.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**